KONRAD
ADENAUER
STIFTUNG

# Меѓународни предизвици 2023 (Истражување на јавното мислење)

Александар Спасеновски



www.kas.de

KONRAD
ADENAUER
STIFTUNG

# Меѓународни предизвици 2023 (Истражување на јавното мислење)

Александар Спасеновски

Скопје, јуни 2023

# Импресум

**Наслов:**
Меѓународни предизвици 2023
(Истражување на јавното мислење)

**Автор:**
Александар Спасеновски, вонреден професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје

**Софтверска обработка на податоци:**
Гораст Стојменовски, Институт за политички истражувања (ИПИС) – Скопје

**Издавач:**
Фондација Конрад Аденауер, претставништво во Северна Македонија

**Уредува и координација:**
Даниел Браун
Давор Пашоски

**Лектура:**
Ивана Коцевска

**Дизајн и печат:**
Винсент Графика Скопје

**Фотографија на насловна корица:**
http://www.freepik.com

**Тираж:**
80 примероци

**Публикацијата може бесплатно да се преземе на:**
https://www.kas.de/nordmazedonien

**Напомена:**
Фондацијата Конрад Аденауер не сноси одговорност за фактите и ставовите изнесени во публикацијата. Тие претставуваат лични гледишта на авторот.
Оваа публикација служи само за информативни цели и информациите во неа не смеат да се употребуваат во рамки на изборни кампањи.

# Содржина


**ПРЕДГОВОР** 5

**МЕТОДОЛОГИЈА** 9

**АНАЛИЗА** 13

Членството во НАТО ........................ 16
Интеграцијата во Европската Унија ........................ 18
Меѓународните договори ........................ 20
Безбедност ........................ 24
Односи со други држави ........................ 27
Влијанија врз внатрешните состојби ........................ 30
Војната во Украина ........................ 31

**ЗАКЛУЧОЦИ** 33

**ПРИЛОГ** 37

# Предговор

# Предговор

Во современиот свет на меѓународните односи меѓузависноста на државите постојано се зголемува. Истовремено, националниот суверенитет сфатен во својата апсолутна смисла континуирано бледнее. Во вакви околности на перманентни глобални промени малите земји, како што е денешна Северна Македонија, се обидуваат да ги реализираат своите интереси, примарно настојувајќи да станат дел од поголеми меѓународни сојузи.

За Северна Македонија членството во НАТО и интеграцијата во Европската Унија се таков тип на високи државни приоритети зад чие остварување свој печат имаат оставено сите досегашни влади и најголем дел од политичките партии. На тој сè уште незавршен пат земјата циклично се соочува со најразновидни предизвици од чие совладување зависи нивото на внатрешната стабилност, како и надворешна вмреженост.

Преспанскиот договор со Грција[1] од 2018 резултираше со уставни измени и со членство на Северна Македонија во НАТО. Од друга страна, Договорот за добрососедство, пријателство и соработка со Бугарија[2] од 2017 година не доведе до подобрување на билатералните односи со оваа држава, а со тоа не придонесе и до динамизирање на процесот на европските интеграции на земјата. Наспроти тоа беше отворен нов циклус на меѓусебни државни тензии и инфлација на лоши вести во односите помеѓу двете држави чие надминување не е на повидок.

Во меѓувреме, на споменатите носечки партикуларни особености на македонската политика им се придружуваат други еднакво сериозни надворешни предизвици, какви што се: хибридните закани, потенцијално новите здравствени епидемии, организираниот криминал, напливот на мигрантите, лажните вести, како и војната во Украина.

Во вакви околности на уникатни внатрешни проблеми и на колективни глобални предизвици, институциите на државната власт во процесот на раководење со земјата влегуваат во најразновидни интеракции на внатрешен и на меѓународен план, притоа настојувајќи да ја максимизираат сопствената корист и да ја неутрализираат потенцијалната штета. Истовремено, опозици-

1 Види Преспански договор (vlada.mk/mkgrdogovor), јуни 2023.
2 Види Договор за добрососедство, пријателство и соработка (bit.ly/Dogovor-MK-BUL-2017), јуни 2023.

ските партии и медиумите предлагаат свои решенија кои многу често се дијаметрално спротивни од потезите на власта.

Овој конгломерат од подолготрајни и од помалку долготрајни предизвици претставува перманентен фокус на македонската јавност, додека, пак, **нивното целосно разбирање овозможува да се донесат вистински одлуки и да се изградат јасни ставови што ќе бидат засновани на факти, а не на емоции.**

Во светло на споменатите предизвици, **со цел да се навлезе во срцта на расположението на јавноста, во 2021 и 2022 година Фондацијата Конрад Аденауер ги издаде публикациите: „30 години независност“[3] и „30 години надворешна политика и одбрана“[4]. Овие два труда имаа карактер и на истражување на јавното мислење во врска со најважните предизвици со кои се соочува Северна Македонија. Денес, три години подоцна – антиципирајќи ги податоците за истите теми пред една, односно пред две години – го промовираме ова, најново истражување** во кое настојуваме да оствариме две носечки цели:

- **Прво,** да се направи пресек на расположението на јавноста за најважните предизвици на државата во општа смисла, но и според различните стратификациски обележја;
- **Второ**, да се разјаснат трендовите на движењето на поддршката на јавното мислење во врска со односните теми низ годините сѐ до денес.

**Оваа, трета по ред анализа постепено прераснува во еден важен, референтен и прифатен инструмент кој на професионален начин го скенира расположението на јавноста.**

**Планирано е овој проект да продолжи и во иднина, со цел да се овозможи сите заинтересирани субјекти да имаат јасна претстава за расположението на народот, како и за трендовите во оваа смисла за секој од предизвиците, имајќи ја предвид нивната подолгорочна природа.**

3 Александар Спасеновски et.all., „30 години независност (Анализа и истражување на јавното мислење“, Фондација „Конрад Аденауер“ и Институт за општествени истражувања „МК91“, 2021 (bit.ly/mk-nezavisnost-30).

4 Александар Спасеновски, „30 години надворешна политика и одбрана (Анализа и истражување на јавното мислење)“, Фондација „Кондрад Аденауер“, 2022 (bit.ly/mk-odbrana-30).

# 1

# Методологија

# Прв дел
# Методологија

На крајот на мај 2023 година за потребите на овој труд е спроведено сеопфатно истражување на јавното мислење.

Анкетата е спроведена од ИПИС.

Големината на примерокот е избрана во согласност со потребите на истражувањето. Во овој случај се вклучени  1 111 испитаници, со задржување на генералниот сооднос во поглед на базичните демографски карактеристики (пол, возраст над 18 години, етничка припадност, професија и образование), со истовремено почитување на соодветната географска балансираност.

Стратификцијата е соодветна со најновите податоци од Државниот завод за статистика.

При спроведувањето на истражувањето е користена  квантитативна истражувачка методологија на собирање  податоци (преку телефонска анкета), што овозможува веродостојно и прецизно скенирање на ставовите на генералната популација.

За спроведување на анкетата е применет  т.н. „CATI метод" и т.н. *dual frame sampling model* (фиксни и мобилни линии заедно).

За време на интервјуата, со цел да се постигне високо ниво на доверба, користен е моделот на случаен избор и анонимност во анкетирањето. За испитаниците, пак, чиј мајчин јазик не е македонскиот беа ангажирани анкетари што ги говорат јазиците на другите заедници во државата, со цел да се избегне евентуална јазична бариера при комуникацијата.

Просечната респонзивност во анкетите зависи од самата тема на истражувањето и се движи помеѓу 30 % и 60 %, а за ова истражување  изнесува 45 % од побараните соговорници.

Маргиналната грешка се движи помеѓу +/- 2,9 % со 95 % интервал на веродостојност.

2

# Анализа

# Втор дел
# Анализа

Истражувањето има за цел да ги открие перцепциите на граѓаните за најважните актуелни предизвици пред кои е исправена Северна Македонија.

Прашалникот се состои од прашања кои во најголем дел се конципирани во форма на тврдење со кое секој испитаник може да избере дали се согласува или не се согласува, при што за секое прашање се стратифицираат одговорите на испитаниците врз основа на клучните демографски параметри.

Прашањата може да се поделат во седум групи:

- **Во првата група** се поместени прашања што се однесуваат на членството на Северна Македонија во НАТО;
- **Во втората група** се поместени прашања со кои се утврдуваат ставовите на испитаниците за интеграцијата на државата во Европската Унија;
- **Во третата група** се поместени прашања со кои се испитуваат трендовите на поддршката на испитаниците на меѓународните договори важни за Северна Македонија, односно Преспанскиот договор со Грција, Договорот за пријателство, добрососедство и соработка со Бугарија, како и Иницијативата „Отворен Балкан“;
- **Во четвртата група** се поместени прашања што се однесуваат на влијанието на поважни надворешни предизвици врз безбедноста на Северна Македонија;
- **Во петтата група** се поместени прашања што се однесуваат на односите на Северна Македонија со други поважни држави и сојузи;
- **Во шестата група** се поместени првашања што се однесуваат на карактерот на влијанието на селектирани држави и сојузи врз внатрешните политички, економски и безбедносни прилики во Северна Македонија;
- **Во седмата група,** пак, се поместени прашања со кои се расветлуваат ставовите на граѓаните за руската воена агресија врз Украина.

## Членството во НАТО

Првиот сегмент од истражувањето на јавното мислење се однесува на членството на Северна Македонија во НАТО (види табела број 1 и 2).

Имајќи ги предвид податоците, покарактеристични се следните три заклучоци:

- **Прво, 65,7 % од испитаниците го поддржуваат членството на Северна Македонија во НАТО** наспроти 27,3 % кои не го поддржуваат, односно 7 % изјавиле дека немаат став, односно не знаат;
- **Второ,** изминатите три години **поддршката на членството на Северна Македонија во НАТО континуирано се зголемува.** Така, во 2021 година 59,8 %[5] од граѓаните се изјасниле позитивно, во 2022 година 64,2 %[6], додека во 2023 65,7 % се изјасниле позитивно за членството на државата во Северноатлантската алијанса. Ова значи дека од 2021 година до денес поддршката за членувањето на Северна Македонија во НАТО се зголемила за 5,9 %;
- **Трето, во однос на влијанието на членството во НАТО врз безбедноста на Северна Македонија 56,1 % од испитаниците сметаат дека денес државата е побезбедна и постабилна** наспроти 35 % кои сметаат дека државата е понебезбедна и понестабилна, што претставува разлика од повеќе од 20 % во прилог на првата група испитаници.

Вкупно земено, може да се заклучи дека **високата поддршка на членството на Северна Македонија во НАТО има тенденција на постојано зголемување поради доминацијата на впечатокот дека оваа стратешка определба има позитивно влијание врз безбедноста и стабилноста на државата.**

5 Види „30 години независност“ (bit.ly/mk-nezavisnost-30), op.cit., стр. 27.
6 Види „30 години надворешна политика и одбрана“ (bit.ly/mk-odbrana-30), op.cit., стр.28.

*Табела број 1*




*Табела број 2*



## Интеграцијата во Европската Унија

Вториот сегмент од истражувањето се однесува на интеграцијата на Северна Македонија во Европската Унија (види табела број 3 и 4).

Имајќи ги  предвид податоците, покарактеристични се следните четири заклучоци:

- **Прво, 62,3 % од испитаниците ги поддржуваат европските интеграции на Северна Македонија** наспроти 32,7 % што не ги поддржуваат, односно 7,7 %  изјавиле дека немаат став, односно не знаат. Споменатото значи дека за 29,6 % е поголем бројот на испитаниците што го поддржуваат остварувањето на оваа стратешка цел за државата наспроти оние што  не го  поддржуваат;
- **Второ,** споредено со 2022 година[7], **процентот на поддржувачите на интеграцијата на Северна Македонија во Европската Унија останува приближно ист, меѓутоа забележлив е раст на противниците од 3,2 %;**
- **Трето, во однос на времето кога Северна Македонија ќе се зачлени во Европската Унија, најголемата група ја сочинуваат испитаниците што сметаат дека тоа нема да се случи никогаш, односно 39,3 %;** дека членството ќе се оствари за 10 години сметаат 14,9 % од испитаниците; дека членството ќе се случи за 10 – 20 години сметаат 11,3 % од испитаниците; дека ќе се случи за 5 години сметаат 8,5 % од испитаниците, додека 18,1 % изјавиле дека не знаат, односно дека немаат одговор кога Северна Македонија ќе се зачлени во Европската Унија;
- **Четврто, споредено со 2022 година[8] во 2023 за 11,3 % е зголемен бројот на испитаниците што се дел од најголемата група која смета дека Северна Македонија нема никогаш да се зачлени во Европската Унија;**

Вкупно земено, **во 2023 година поддршката на интеграцијата на Северна Македонија во Европската Унија е сè уште висока, односно опфаќа скоро 2/3 од испитаниците, но забележливо е и продолжувањето на трендот на зголемување на евроскептицизмот со повеќе од 11 % раст во споредба со 2022[9].**

7 Види „30 години надворешна политика и одбрана“(bit.ly/mk-odbrana-30), op.cit., стр. 29.
8 Ибид., стр. 39.
9 Ибид.

*Табела број 3*




*Табела број 4*



## Меѓународните договори

Третиот сегмент од истражувањето се однесува на Преспанскиот договор со Грција, на Договорот за добрососедство, пријателство и соработка со Бугарија и на Иницијативата „Отворен Балкан“ (види табела број 5 до табела број 10).

Имајќи ги предвид податоците, покарактеристични се следните шест заклучоци:

» **Прво, 36,3 % од испитаниците изјавиле дека го поддржуваат Преспанскиот договор со Грција** наспроти 53,1 % кои не го поддржуваат и 10,6 % кои изјавиле дека не знаат, односно немаат одговор;

» **Второ, во врска со улогата на Преспанскиот договор во подобрувањето на билатералните односи помеѓу Северна Македонија и Грција 37,2 % од испитаниците сметаат дека тој одиграл позитивна улога во нивното унапредување, што споредено со 2022 година[10] претставува раст од 6,6 %.** Истовремено 48,4 % од испитаниците изјавиле дека Преспанскиот договор не придонел за подобрување на македонско-грчките билатерални односи, што споредено со 2022 година претставува раст од 2,9 %. Растот на поддржувачите и на противниците на Преспанскиот договор во однос на билатералните односи помеѓу Северна Македонија и Грција е на сметка на испитаниците што изјавиле дека не знаат, односно дека немаат одговор, кој во споредба со 2022 година се намалил од 23,9 % на 14,4 %;

» **Трето, 59 % од испитаниците не го поддржуваат Договорот за добрососедство, пријателство и соработка помеѓу Северна Македонија и Бугарија, што споредено со 2021 година кога овој договор не го поддржувале 45,4 %[11] претставува раст од 13,6 %.** Во оваа смисла, пак, бројот на поддржувачите на овој договор изнесува 27,4 %, што споредено со 2021 година кога овој договор го поддржувале 38,5 % претставува намалување од 11,1 %;

» **Четврто, 67,3 % од испитаниците сметаат дека по потпишувањето на Договорот за добрососедство, пријателство и соработка македонско-бугарските односи се влошиле, што споредено со 2022 година кога ова го сметале 57,1 %[12] претставува раст од 10,2 %;** 20,2 % од испитаниците, пак, изјавиле дека по потпишувањето на Договорот за добрососедство, пријателство и соработка односите на Северна Македонија и Бугарија се подобриле, додека 12,5 % изјавиле дека не знаат, односно немаат одговор;

10 Види „30 години надворешна политика и одбрана“ (bit.ly/mk-odbrana-30), op.cit., стр.34.
11 Види „30 години независност“ (bit.ly/mk-nezavisnost-30), op.cit., стр. 27.
12 Види „30 години надворешна политика и одбрана“ (bit.ly/mk-odbrana-30), op.cit., стр. 33.

- **Петто, 68 % од испитаниците ја поддржуваат иницијативата за соработка помеѓу Северна Македонија, Албанија и Србија „Отворен Баалкан“, што споредено со 2022 година кога ова го сметале 65,7 %13 претставува раст од 2,3 %.** 20,5 % од испитаниците иницијативата „Отворен Балкан“ не ја поддржуваат, додека 11,5 % изјавиле дека не знаат, односно немаат одговор;
- **Шесто,** според политичката стратификација на испитаниците, **најголеми поддржувачи на иницијативата „Отворен Балкан“ се гласачите на СДСМ со 82,4 % позитивни одговори, следуваат гласачите на Алијансата на Албанците со 78,3 %, гласачите на ДУИ со 73,2 %, гласачите на ВМРО-ДПМНЕ со 66,9 %, гласачите на Алтернатива со 43,8 % и гласачите на БЕСА со 33,3 % позитивни одговори.**

***Табела број 5***




13 Ибид., стр. 37.

***Табела број 6***




***Табела број 7***



***Табела број 8***




***Табела број 9***



***Табела број 10***

| | | За која партија би гласале? | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Ниедна** | **Не сака да каже** | **НЗ/НО** | **СДСМ** | **ВМРО-ДПМНЕ** | **ДУИ** | **Алтернатива** | **БЕСА** | **АА** | **Левица** | **Граѓанско движ. М. Димитриевски** | **Друга** |
| **Број на испитаници** | | **227** | **175** | **125** | **142** | **223** | **71** | **16** | **27** | **23** | **40** | **32** | **10** |
| **Дали го поддржувате или сте против проектот за соработка помеѓу Северна Македонија, Албанија и Србија наречен „Отворен Балкан“?** | **Да, го поддржувам** | 40,1 % | 46,3 % | 53,6 % | 73,9 % | 40,4 % | 49,3 % | 6,3 % | 11,1 % | 26,1 % | 60,0 % | 56,3 % | 60,0 % |
| | **Донекаде да** | 19,4 % | 20,0 % | 17,6 % | 8,5 % | 26,5 % | 23,9 % | 37,5 % | 22,2 % | 52,2 % | 17,5 % | 21,9 % | 10,0 % |
| | **Донекаде не** | 7,9 % | 8,0 % | 4,0 % | 3,5 % | 5,8 % | 7,0 % | 6,3 % | 25,9 % | | 2,5 % | 6,3 % | |
| | **Не, против сум** | 17,2 % | 20,0 % | 8,8 % | 7,0 % | 15,7 % | 8,5 % | 25,0 % | 22,2 % | 13,0 % | 10,0 % | 9,4 % | 10,0 % |
| | **Нема одговор** | 15,4 % | 5,7 % | 16,0 % | 7,0 % | 11,7 % | 11,3 % | 25,0 % | 18,5 % | 8,7 % | 10,0 % | 6,3 % | 20,0 % |

Вкупно земено, **во 2023 година најголема поддршка има иницијативата „Отворен Балкан“, по што следува Преспанскиот договор со Грција, додека најмала поддршка испитаниците даваат на Договорот за добрососедство, пријателство и соработка со Бугарија. Иако процентот на противниците на Преспанскиот договор е поголем од неговите поддржувачи, сепак, забележлив е континуираниот раст на ставовите дека по склучувањето на овој договор односите на Северна Македонија и Грција се подобруваат. Наспроти ова, пак, отпорот кон Договорот со Бугарија од 2017, како и лошите оценки за македонско-бугарските односи секоја година имаат континуиран раст.**

## Безбедност

Четвртиот сегмент од истражувањето се однесува на широк круг на надворешни состојби што влијаат врз безбедноста на државата, какви што се напливот на мигранти, организираниот криминал, лажните вести, потенцијалните нови здравствени епидемии итн. (види табела број 11 до табела број 13).

Имајќи ги предвид податоците, покарактеристични се следните три заклучоци:

- **Прво, постои поделеност помеѓу испитаниците во однос на безбедноста во државите од Западен Балкан. На прашањето: „Дали се согласувате или не се согласувате дека Западен Балкан денес е безбедно место за живеење?“, 48,3 % од испитаниците одговориле потврдно, 48,9 % одговориле негативно,** додека 2,8 % изјавиле дека немаат одговор, односно не знаат;
- **Второ,** од аспект на политичката стратификација на испитаниците, **90,1 % од гласачите на ДУИ сметаат дека Западен Балкан денес е безбедно место за живеење, по што следуваат гласачите на БЕСА со 88,9 %, на Алтернатива со 87,5 %, на СДСМ со 66,9 %, на Алијансата на Албанците со 60,9 % и гласачите на ВМРО-ДПМНЕ од кои 35,9 % сметаат дека Западен Балкан денес е безбедно место за живеење;**
- **Трето,** од шест најчести предизвици, **92,3 % сметаат дека организираниот криминал претставува најголема закана за безбедноста на Северна Македонија,** по што следуваат потенцијалните нови здравствени епидемии кои како опасност ги чувствуваат 84,9 % од испитаниците, па лажните вести со 82,5 %, хибридните закани од други држави со 79 %, напливот на мигранти со 76,4 % и враќањето на борците од странски боишта во државата, што како најголема опасност за Северна Македонија го сметаат 70,7 % од испитаниците.

***Табела број 11***



***Табела број 12***

| | | За која партија би гласале? | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Ниедна | Не сака да каже | НЗ/НО | СДСМ | ВМРО-ДПМНЕ | ДУИ | Алтернатива | БЕСА | АА | Левица | Граѓанско движ. М. Димитриевски | Друга |
| **Број на испитаници** | | **227** | **175** | **125** | **142** | **223** | **71** | **16** | **27** | **23** | **40** | **32** | **10** |
| **Дали се согласувате или не се согласувате дека Западен Балкан денес е безбедно место за живеење?** | **Да** | 28,2 % | 48,6 % | 46,4 % | 66,9 % | 35,9 % | 90,1 % | 87,5 % | 88,9 % | 60,9 % | 47,5 % | 43,8 % | 60,0 % |
| | **Не** | 60,8 % | 51,4 % | 53,6 % | 31,0 % | 64,1 % | 9,9 % | 12,5 % | 11,1 % | 39,1 % | 45,0 % | 56,3 % | 40,0 % |
| | **Нема одговор** | 11,0 % | | | 2,1 % | | | | | | 7,5 % | | |

***Табела број 13***



Вкупно земено, **поделени се мислењата околу прашањето на безбедноста на Западен Балкан, а со тоа и на Северна Македонија, при што гласачите на владејачките партии како и гласачите на партиите на етничките Албанци имаат повеќе позитивен став кон оваа тема, споредено со испитаниците-гласачи на опозицијата. Во однос на влијанието на клучните глобални предизвици врз безбедноста на Северна Македонија, испитаниците сите ги доживуваат како сериозна закана, но посебно ги издвојуваат организираниот криминал, лажните вести, потенцијалните нови здравствени епидемии и хибридните закани од други држави.**

## Односи со други држави

Петтиот сегмент од истражувањето е посветен на односите на Северна Македонија со другите држави (види табела број 14 и 15).

Имајќи ги предвид податоците, покарактеристични се следните пет заклучоци:

- **Прво,** во врска со квалитетот на билатералните односи со други држави, **на врвот се наоѓаат Србија, за која 88,1 % од испитаниците сметаат дека има добри односи со Северна Македонија, и Турција, за која 84,3 % сметаат дека има добри односи со Северна Македонија.** Следни во горниот дел од табелата се Германија со 77,4 %, Албанија со 66,3 %, Косово со 65,7 % и САД со 62,2 % позитивни одговори за квалитетот на билатералните односи со Северна Македонија. Во подолниот дел од табелата се наоѓаат НР Кина со 53,8 %, Грција со 44,1 % и Франција со 40,1 % позитивни одговори за квалитетот на билатералните односи со Северна Македонија. **На најдолниот дел од табелата се Бугарија и Русија, за кои само 18,3 %, односно 16,5 % од испитаниците сметаат дека имаат добри билатерални односи со Северна Македонија;**
- **Второ,** според политичката стратификација на испитаниците, **гласачите на СДСМ најдобро мислење за квалитетот на билатералните односи со Северна Македонија имаат за Србија со 95,1 % позитивни одговори и за Турција со 90,1 % позитивни одговори, додека најмалку добро мислење имаат за Русија со 20,4 % позитивни одговори;**
- **Трето,** според политичката стратификација на испитаниците, **гласачите на ВМРО-ДПМНЕ најдобро мислење за квалитетот на билатералните односи со Северна Македонија имаат за Србија со 94,2 % позитивни одговори и за Турција со 91,5 % позитивни одговори, додека најмалку добро мислење имаат за Бугарија со 6,3 % позитивни одговори;**

- **Четврто,** според политичката стратификација на испитаниците, **гласачите на ДУИ најдобро мислење за квалитетот на билатералните односи со Северна Македонија имаат за Косово со 91,5 % позитивни одговори и за САД со 85,9 % позитивни одговори, додека најмалку добро мислење имаат за Русија со 5,6 % позитивни одговори;**
- **Петто,** според политичката стратификација на испитаниците, **гласачите на партијата Левица најдобро мислење за квалитетот на билатералните односи со Северна Македонија имаат за Србија со 97,5 % позитивни одговори и Турција со 85 % позитивни одговори, додека најмалку добро мислење имаат за Бугарија со 7,5 % позитивни одговори.**

***Табела број 14***




***Табела број 15***

| Како ги оценувате билатералните односи на Северна Македонија со следниве држави? | | СДСМ | ВМРО-ДПМНЕ | ДУИ | Левица |
|---|---|---|---|---|---|
| **Србија** | **Добри** | 95,1 % | 94,2 % | 62,0 % | 97,5 % |
| | **Лоши** | 3,5 % | 3,1 % | 12,7 % | 2,5 % |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Косово** | **Добри** | 71,8 % | 48,9 % | 91,5 % | 60,0 % |
| | **Лоши** | 21,8 % | 34,1 % | 2,8 % | 30,0 % |
| **Албанија** | **Добри** | 77,5 % | 53,8 % | 81,7 % | 62,5 % |
| | **Лоши** | 14,1 % | 32,7 % | 9,9 % | 32,5 % |
| **Бугарија** | **Добри** | 28,9 % | 6,3 % | 42,3 % | 7,5 % |
| | **Лоши** | 63,4 % | 91,0 % | 32,4 % | 90,0 % |
| **Грција** | **Добри** | 66,2 % | 29,1 % | 53,5 % | 25,0 % |
| | **Лоши** | 31,0 % | 67,3 % | 14,1 % | 62,5 % |
| **САД** | **Добри** | 78,2 % | 51,6 % | 85,9 % | 55,0 % |
| | **Лоши** | 10,6 % | 31,4 % | 5,6 % | 25,0 % |
| **НР Кина** | **Добри** | 64,1 % | 56,5 % | 45,1 % | 40,0 % |
| | **Лоши** | 6,3 % | 9,4 % | 23,9 % | 25,0 % |
| **Русија** | **Добри** | 20,4 % | 21,1 % | 5,6 % | 20,0 % |
| | **Лоши** | 66,2 % | 45,3 % | 52,1 % | 67,5 % |
| **Германија** | **Добри** | 86,6 % | 70,0 % | 88,7 % | 67,5 % |
| | **Лоши** | 7,7 % | 16,6 % | 8,5 % | 7,5 % |
| **Франција** | **Добри** | 47,2 % | 35,0 % | 69,0 % | 15,0 % |
| | **Лоши** | 39,4 % | 43,5 % | 11,3 % | 50,0 % |
| **Турција** | **Добри** | 90,1 % | 91,5 % | 81,7 % | 85,0 % |
| | **Лоши** | 4,2 % | 0,4 % | 12,7 % | 2,5 % |

Вкупно земено, **впечатокот на испитаниците е дека Северна Македонија има најдобри билатерални односи со Србија, Турција, Германија, Албанија, Косово и САД, додека најлоши со Русија и Бугарија. Од аспект на политичката стратификација на испитаниците забележливи се помали разлики во одговорите кај гласачите на ДУИ, кои за разлика од гласачите на СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ и Левица наместо Србија и Турција, сметаат дека Северна Македонија има најдобри билатерални односи со Косово и САД. Во оваа смисла, независно од партиската афилијација, испитаниците имаат идентичен став дека Северна Македонија има најмалку добри билатерални односи со Русија и со Бугарија.**

## Влијанија врз внатрешните состојби

Шестиот сегмент од истражувањето се однесува на влијанието на селектирани држави и сојузи врз внатрешните политички, економски и безбедносни процеси во Северна Македонија (види табела број 16).

Имајќи ги предвид податоците, може да се извлечат следните пет заклучоци.

- **Прво, испитаниците како најпозитивно го оценуваат влијанието на Турција со 58 % позитивни впечатоци за политичкото, 66,1 % за економското и 60,3 % за безбедносното влијание во Северна Македонија;**
- **Второ, следна на табелата е Европската Унија со 38,7 % позитивни впечатоци за политичкото, 41,6 % за економското и 41,2 % за безбедносното влијание во Северна Македонија;**
- **Трето, трети на оваа скала се САД со 37 % позитивни впечатоци за политичкото, 38,8 % за економското и 41 % за безбедносното влијание во Северна Македонија;**
- **Четврто, претпоследното место во оваа табела ѝ припадна на Кина со 28,7 % позитивни впечатоци за политичкото, 36,8 % за економското и 29,6 % за безбедносното влијание во Северна Македонија;**
- **Петто, најмалку позитивни оценки испитаниците даваат за влијанието на Русија, со 17,5 % позитивни впечатоци за политичкото, 18,9 % за економското и 18,2 % безбедносното влијание врз Северна Македонија.**

***Табела број 16***




Вкупно земено, **испитаниците како најпозитивно во обласа на политиката, економијата и безбедноста на Северна Македонија го оценуваат влијанието на Турција, додека како најмалку позитивно влијанието на Русија.)**

## Војната во Украина

Седмиот сегмент од истражувањето се однесува на војната во Украина (види табела број 17).

Имајќи ги предвид податоците, може да се извлечат следните два заклучока:

- **Прво, 53,7 % од испитаниците руската воена агресија врз Украина ја оценуваат како неоправдана и неприфатлива, наспроти 29,3 % кои ја оцениле како оправдана и прифатлива** и 17 % кои изјавиле дека не знаат, односно немаат одговор;
- **Второ, споредено со 2022 година[14], за 3,3 % е зголемен бројот на испитаниците што сметаат дека руската воена агресија врз Украина е неоправдана и неприфатлива, но истовремено за 3,1 % е**

14 Види „30 години надворешна политика и одбрана“ (bit.ly/mk-odbrana-30), op.cit., стр. 37.

**зголемен бројот на испитаниците што ја оправдуваат агресијата врз Украина.** Зголемувањето на првата и на втората група е на сметка на испитаниците што изјавиле дека не знаат, односно дека немаат одговор, кои во споредба со 2022 година се намалиле од 23,4 % на 17 %.

***Табела број 17***



# Заклучоци

# Заклучоци

- Поддршката на членството на Северна Македонија во НАТО од 2021 година до денес континуирано се зголемува правејќи кумулативна позитивна разлика од 5,9 % и во апсолутна смисла денес таа изнесува 65,7 %. Истовремено 56,1 % сметаат дека државата со зачленувањето во Северноатлантската алијанса е побезбедна и постабилна;
- 62,3 % ги поддржуваат европските интеграции на Северна Македонија, што претставува резултат кој е на скоро исто ниво од претходното истражување во 2022 година;
- Во однос на времето кога Северна Македонија ќе се зачлени во ЕУ, најголемата група ја сочинуваат испитаниците што сметаат дека тоа нема да се случи никогаш, односно 39,3 %, што споредено со 2022 година оваа група има раст од 11,3 %; дека членството во ЕУ ќе се оствари за 10 години сметаат 14,9 %; дека членството ќе се случи за 10 – 20 години сметаат 11,3 %; дека ќе се случи за 5 години сметаат 8,5 %, додека 18,1 % изјавиле дека не знаат, односно немаат одговор;
- 36,3 % го поддржуваат Преспанскиот договор со Грција, а 37,2 % сметаат дека овој договор ги подобрил македонско-грчките односи, што споредено со 2022 година претставува раст од 6,6 %;
- 59 % не го поддржуваат Договорот за добрососедство, пријателство и соработка со Бугарија, што споредено со 2021 претставува раст од 13,6 %. Истовремено 67,3 % сметаат дека по потпишувањето на овој договор македонско-бугарските односи се влошиле, што споредено со 2022 година претставува раст од 10,2 %;
- 68 % ја поддржуваат иницијативата за соработка помеѓу Северна Македонија, Албанија и Србија „Отворен Балкан“, што споредено со 2022 година претставува раст од 2,3 %;
- 92,3 % сметаат дека организираниот криминал претставува најголема закана за безбедноста на Северна Македонија, по што следуваат потенцијалните нови здравствени епидемии кои како опасност ги чувствуваат 84,9 %, па лажните вести со 82,5 % и хибридните закани од други држави со 79 %;
- Во врска со перцепциите за квалитетот на билатералните односи со други држави, на врвот се наоѓаат Србија, за која 88,1 % сметаат дека има добри односи со Северна Македонија, и Турција, за која 84,3 % сметаат дека има добри односи со Северна Македонија. Следни во горниот дел од табелата се Германија со 77,4 %, Албанија со 66,3 %, Косово со 65,7 % и САД со 62,2 %

позитивни перцепции. На најдолниот дел од табелата се Бугарија и Русија, за кои само 18,3 %, односно 16,5 % сметаат дека имаат добри билатерални односи со Северна Македонија;

- Најпозитивно влијание врз внатрешните политички состојби на Северна Македонија има Турција со 58 % позитивни впечатоци, Европската Унија со 38,7 % и САД со 37 %. Претпоследното место ѝ припаѓа на Кина со 28,7 %, додека последното место ѝ припаѓа на Русија со 17,5 % позитивни впечатоци за политичкото влијание врз Северна Македонија;
- 53,7 % ја оценуваат руската воена агресија врз Украина како неоправдана и неприфатлива, наспроти 29,3 % кои ја оцениле како оправдана и прифатлива, што претставува разлика од 24,4 % во корист на првата група.

# Прилог

# Прилог

## Политичка афилијација и демографски карактеристики







Етничка припадност
73,0 %
23,7 %
3,3 %
Македонец
Албанец
Друго


Возраст
над 60 години
26,9 %
од 50 до 59 години
21,2 %
од 40 до 49 години
17,6 %
од 30 до 39 години
17,3 %
до 29 години
17,0 %


Образование
7,2 %
10,6 %
21,4 %
60,8 %
до основно
основно
средно
вишо и високо


Место
22,1 %
25,8 %
30,8 %
21,3 %
Село
Помал град
Поголем град
Скопје


Регион
7,0 %
9,9 %
10,8 %
9,6 %
12,0 %
15,1 %
7,2 %
28,4 %
Вардарски регион
Источен регион
Југозападен регион
Југоисточен регион
Пелагониски регион
Полошки регион
Североисточен регион
Скопски регион

Anticipating the importance of general and particular global trends on the development of North Macedonia, the Konrad Adenauer Foundation issued the publication: "International Challenges 2023 (Public Opinion Survey)".

The publication aims to analyze the mood of the Macedonian public in relation to the most important challenges and to further clarify the movement trends of such mood through a chronological multi-year perspective based on the results obtained from previously conducted public opinion surveys issued by the foundation in 2021 and 2022 "30 Years of Independence" and "30 Years of Foreign Policy and Defense".

"30 Years of Foreign and Defence Policy"
"30 Years of Independence"

The questions can be divided into seven groups:

- **The first group** covers the questions related to the membership of North Macedonia in NATO;
- **The second group** covers the questions that determine the views of the respondents on the integration of the state in the European Union;
- **The third group** covers the questions that examine the trends of respondents' support of international agreements important for North Macedonia, i.e. the Prespa Agreement with Greece, the Agreement on Friendship, Good Neighborliness and Cooperation with Bulgaria, as well as the "Open Balkans" Initiative;
- **The fourth group** covers questions related to the impact of more important external challenges on the security of North Macedonia;
- **The fifth group** covers the questions related to North Macedonia's relations with other important states and alliances;
- **The sixth group** covers the questions related to the nature of the influence of selected states and alliances on internal political, economic and security situations in North Macedonia;
- **The seventh group,** then, covers the questions that shed light on the views of the citizens on the Russian military aggression against Ukraine.

ISBN 978-608-4648-79-6